Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ------- ---------- од с. --------, --------, на 30-та седница одржана на ден 21 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3634/1 од 23.07.2019 година доставена од подносителот ------- ---------- од с. --------, --------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3634 од 2019 година кој е оформен по пријава бр. 12-3634/1 од 23.07.2019 година.

Предметот со број 12-3634 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3634 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3634/1 од 23.07.2019 година, доставена од страна на познат подносител – ------- ---------- од с. --------, -----.

Во пријавата се содржани наводи за наводи против лицето ------------ ------------, поранешен претседател на Основен суд Скопје 1 за злоупотреба при распределбата на предмети и се бара да се преиспита неговото работење по однос на начинот на распределувањето на кривичен предмет на судијата ------- --------, а во кој била донесена пресуда против блиско лице - внук на подносителот, за сторено кривично дело - убиство со која тој бил осуден на 14 години казна затвор.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган и за кој Државната комисија има информација дека веќе е постапено односно

дека, на затворена седница на Судскиот совет на РСМ одржана на 25 декември 2019 година, бил разрешен поранешниот претседател на Кривичниот суд ------------ ------------, од судиската функција поради нестручно и несовесно работење, а воедно тој бил обвинет и за злоупотреба на службената положба при распределувањето на предметите преку АКМИС системот, по обвинение за манипулации со АКМИС - системот, кое во м. јули 2019 година било поднесено од страна на Јавното обвинителство. Согласно со констатираното, ДКСК оцени дека нема надлежност да се произнесува по однос на предметните наводи, доставената пријава да се отфрли а предметот да се затвори.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 21 мај 2020 година под бр. 12- 3634/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК, изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК